# Обработка на текстот „Најнежните раце“

Стр.78

Наставник: Љумние Љама

**Прочитај го текстот неколку пати, и направи анализа на текстот во тетратка**

- 1. Каде се случува настанот :
- 2. Кога се случува настанот:
- 3. Тема:
- 4. Порака:
- 5. Ликови:
- 6. Слика:
- 7. Направи опис на ликот на мајката ( како девојчето ја претставува својата мајка ) :

## НАЈНЕЖНИТЕ РАЦЕ



Едно девојче допатува со својата мајка во голем град. Тргнаа на пазар. Мајка му го водеше за рака. Девојчето здогледа нешто интересно. Од радост заплеска со рацете и се изгуби во масата од луѓе.

– Мама! Каде е мојата мајка? – викаше девојчето.

Луѓето ја опколија и прашуваа:

– Како се викаш?

– Мими.

– А како се вика мајка ти? Кажи ни и ние веднаш ќе ја најдеме.

– Се вика мама .....мамичка! – Луѓето се насмевнуваа, го смируваа девојчето и пак прашуваа:

– Ајде, какви очи има твојата мајка: сини, кафени или зелени?

– Нејзините очи се прекрасни.

– А косата? Црна или кафена?

– Нејзината коса е најубава!

Луѓето се смееја и прашуваа:

– Добро, а кажи ни какви ѝ се рацете? Можеби има некоја лузна на раката? Има ли? Сети се!

– Нејзините раце се најнежни!

Тогаш беше дадено ова известување:

„Изгубено е девојче чија мајка има прекрасни очи, најубава коса и најнежни раце...“

И мајката дошла веднаш.

**В. СУХОМЛИНСКИЈ**



**ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ**

**маса** – многу луѓе
**прекрасни** – најубави
**лузна** – белег, знак